Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи
„ИСАР" п.о
Бр. 04-441/11
16.07.2026 год.
Штип

Врз основа на чл.45 од Законот за административни службеници ( Сл.весник на република Македонија бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018) и ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022, 208/2024 и 210/2024), член 28 од Статутот на ЈП "Исар" Штип, а во врска со објавениот Јавен оглас бр.342/2026, ВД Директорот на ЈП "Исар" Штип ја донесе следната :

# ОДЛУКА

**по објавен Јавен оглас бр.342/2026**

**1.** За работно место под реден број 1 со шифра - КДР 01 02 Г03 114, назив „Референт благајник", Одделение за сметководство и финансова опратива, Сектор финансиско работење, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.

**2.** За извршител на работно место под реден број 2 со шифра - КДР 01 02 Г01 031 , назив „Самостоен референт-оператор магационер (главен магационер )", Одделение за комерција, Сектор за јавни набавки и комерција, се избира следниот кандидат:

- Стојановска Ленче со идентификациски код EA0CE1B со вкупно освоени бодови 80.32.

**3.** За извршител на работно место под реден број 3 со шифра - КДР 01 02 В04 026, назив „Помлад соработник за набавка", Одделение за комерција, Сектор за јавни набавки и комерција, се избира следниот кандидат:

- Александра Јанков со идентификациски код C12F5E8 со вкупно освоени бодови 74.

**4.** За работно место под реден број 4 со шифра - КДР 01 02 В04 013, назив „Помлад соработник-администратор за компјутерска опрема и софтвер", Одделение за информатички и комуникациски технологии (ИКТ) , Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси , **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР**.

**5.** По конечноста на одлуката , ВД Директорот на ЈП "Исар" Штип ќе донесе Решение, односно со избраните кандидати за работните места под реден број 2 и 3, ќе склучи договор за вработување на неопределено полно работно време.

**6.**Одлуката да се достави до избраните кандидати и до Агенцијата за администрација за нејзино објавување.

**7.** Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Барање број 04-441/4 од 29.04.2026 год. од страна на ЈП "Исар" Штип за објавување на Јавен оглас, во дневните весници Нова Македонија, Коха и Вечер , како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, објавен е Јавен оглас број 342/2026 за вработување на административни службеници во ЈП"Исар" Штип.

За спроведување на постапката за селекција за вработување по наведениот оглас, со Решение бр.10-1283/6 од 04.06.2026 год., Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, формира Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.342/2026 .

На ден 10.06.2026 год. во просториите на Агенцијата за администрација е извршена административна селекција за административен службеник за што е донесен Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1283/7 од 10.06.2026 год. каде е констатирано дека на огласот се имаат пријавено вкупно 28 кандидати од кои 20 уредни кандидати и 8 неуредни и тоа: за работното место под реден број 1 "Референт благајник" - 10 уредни кандидати и 2 неуредни кандидати , за работното место под реден број 2 " Самостоен референт-оператор магационер (главен магационер )"- 2 уредни кандидати и 1 неуреден кандидат, за работно место под реден број 3 " Помлад соработник за набавка "- 6 уредни кандидати и 4 неуредни кандидати и за работно место под реден број 4 " Помлад соработник-администратор за компјутерска опрема и софтвер"- 2 уредни кандидати и 1 неуреден кандидат. Уредните кандидати продолжуват во втора фаза а за неуредните кандидати постапката на селекција завршила.

На ден 03.07.2026 год. се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведен испит за административен службеник бр.10-1283/9.

На ден 07.07.2026 год. спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник констатирано во Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-1283/10 и конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.342/2026 бр.10-1283/11 од 07.07.2026 год. и Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција, ВД Директорот одлучи како во диспозитивот на Одлуката, поточно за работното место под реден број 2 и 3 во Јавниот оглас бр.342/2026 изврши избор , а за работните места под реден број 1 и 4 не изврши избор, поради немање на кандидати кои се квалификуваа за вработување.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на одлуката на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администарција.

**Доставено до :**

-избраните кандидати

-Агенција за Администрација

-архива

-Одделение за човечки ресурси

**ЈП "Исар" Штип**

ВД Директор

Александар Арсовски

Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „ИСАР" П.О. Штип